РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5520/3
15-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-та седница одржана на ден 11.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-9012/1 од 28.10.2022 година, оформен по доставена пријава за недонесување на одлука за избор на директор на основно училиште по објавен оглас, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-9012/1 од 28.10.2022 да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 17.02.2023 година, поднесена е пријава за недонесување на одлука за избор на директор на основно училиште по објавен оглас и оформен е предмет број 12-9012/1 од 28.10.2022 година.

Во пријавата се наведува дека на ден 25.03.2022 година од страна на Училишниот одбор на ООУ ---------------------------------------- бил објавен оглас за избор на директор. Училишниот одбор дал предлог за избор на кандидат ----------------------, кој предлог согласно наводите од пријавата на ден 06.04.2022 година бил доставен до Градоначалникот на Општина ----------. Се наведува дека градоначалникот не донел одлука во законски предвидениот рок, по што на ден 20.04.2022 година целокупната документација била доставена до Министерот за образование и наука, но исто така не била донесена одлука.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија побара од Државниот просветен инспекторат да извршите вонреден инспекциски надзор во однос на наводите од пријавата, а во однос на законитоста на спроведувањето на целокупната постапка по објавениот оглас.

Од страна на Државниот просветен инспектор е доставено известување дека е извршен вонреден инспекциски надзор по барањето на ДКСК при што било констатирано дека согласно член 115 став 4 и 5 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр. 161/2019 и 229/20) Училишниот одбор објавил оглас за директор и спровел постапка за избор на кандидат за директор согласно на истиот член. Се наведува дека градоначалникот не го

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

извршил изборот согласно член 115 став 14 од истиот закон во законскиот рок, а Училишниот одбор согласно член 115 став 15 од законот предлогот за избор на директор со целокупната документација го испратил до Министерот за образование и наука. При тоа, државниот просветен инспектор констатира дека до денот на надзорот во училиштето не е пристигнат одговор ниту од градоначалникот ниту од министерот во однос на доставениот предлог за избор на директор. За констатираните состојби државниот просветен инспектор го известил директорот на ДПИ Скопје. Дополнително, во записникот од извршениот инспекциски надзор се наведува дека Државниот просветен инспектор постапувајќи по доставени претставки: 09-27/1 од 21.04.2022 година, 09-28/1 од 21.04.2022 година, 09-29/1 од 21.04.2022 година , 09-30/1 од 27.04.2022 година извршил вонреден инспекциски надзор на 25.05.2022 година, за што составил записник од 25.05.2022 година, а за констатираните недостатоци ги известил градоначалникот на општината како и министерот за образование и наука.

Дополнително, ДКСК утврди дека согласно член 115 став 16 од истиот закон кандидатите кои не се именувани во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Согласно став 17 од истиот член, против одлуката на комисијата од ставот 16 на овој член, кандидатот може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека за наводите постапил надлежен инспекторат кој доставил известувања до надлежните органи, како и дека постојат расположливи правни механизми во случај на неименување на директор, поради што нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносител на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Б.И.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk